ЗА СПОМЕНИЦИТЕ ВО СКОПСКАТА ОПШТИНА ЦЕНТАР



# 7.000 евра за членство во комисија

Општина Центар, за подигање на 14 споменици во строгото градско подрачје, потрошила најмалку 63 илјади евра за надоместоци за членовите на одборите за нивно подигање.

Според информацијата од Општина Центар, во одборите за подигање на сите 14 споменици членуваат истите луѓе, односно Димитар Богески, поранешен советник во Центар од ВМРО-ДПМНЕ, како претседател на одборот, и членовите: Никола Гергиевски, поранешен советник во Центар од Нова алтернатива, Зоран Тодоровски, директор на Архивот на Македонија, Паско Кузман, директор на Управата за заштита на културно наследство, академските скулптори Гоце Наневски и Васил Василев, Соња Шумкова, раководител на секторот за урбанизам во Центар, Владо Петровски, раководител на секторот за правни работи во Центар, и Гоце Грујоски, раководител на одделението за нормативно-правни работи на Центар.

Од Општина Центар велат дека за работниот ангажман на претседателот и на членовите на одборот се исплаќа еднократен надомест по член од 10.000 до 12.000 денари за подготовка, составување и за распишување тендер за идејно решение за спомен - обележјето. Еднократен надомест од 15.000 до 20.000 по човек им се исплаќа на членовите на одборот за прием и оценка на пристигнатите трудови, за доделување на награди и за избор на идеен проект за спомен - обележјето.

За подигање на спомен-обележје кога не се распишува конкурс за идеен проект надоместот изнесува 6.000 денари, а за примопредавање на моделите на скулптурите надоместот е 5.000 денари по член.

За стручното лице што ја надгледува работата на авторите на скулптурите месечниот надомест се движи од 5.000 до 10.000 денари, во зависност од сложеноста на скулптурата и споменикот. Членовите на жири-комисиите кои ги оценуваат трудовите за идејно решение добиваат по 10.000 денари за домашен тендер и по 20.000 денари за меѓународен тендер. Исто толку пари добиваат и стручните лица што, по потреба, се ангажирани да им помогнат на комисиите за јавни набавки.

"Овие надоместоци се исплаќаат на членовите на одборите за секое спомен обележје посебно, како што е назначено во секоја одлука", велат од Општина Центар.

Ако се земе предвид дека за секој споменик членовите на одборот добивале надомест за подготовка на тендерот, потоа за оценка на пристигнатите трудови и за примопредавање на моделите на скулптурите, тогаш излегува дека секој член на одборот добил надомест од 30.000 до 37.000 денари по споменик, или најниската сума која членовите на комисиите ја зеле е околу 500 евра. Ако оваа бројка се помножи со 14, колку што споменици ќе се подигаат, излегува дека секој член на одборот ќарил по 7.000 евра.

Дополнителни се трошоците на Општината за надоместоците на членовите на одборот за подигање на споменикот на Александар Македонски на плоштадот Македонија, чиј претседател е Владимир Здравев, актуелен претседавач со Советот на Центар. Од Општината не добивме информација кои се останатите членови на одборот за подигање на споменикот на Александар, додека меѓународното жири кое го оценуваше трудовите за овој споменик се: академик Крум Томовски, Џозеф Брејда, професор од Универзитетот "Аризона" во САД, и Светлана Коруновска - Аџигогова, академски сликар и професор во ОУ "Св.Климент Охридски" во Скопје.

Новиот градоначалник на Центар Владимир Тодоровиќ пред околу два месеца кажа дека изработката и поставувањето на спомениците на свети Кирил и Методиј, свети Климент и Наум Охридски, цар Јустинијан, гемиџиите, Карпош, на основачите на Македонската револуционерна организација, првото заседание на АСНОМ, на бранителите и паднатите херои за Македонија ќе ги стави во мирување. Но и за овие споменици, како и за останатите кои веќе се леат во леарници во Фиренца, завршени се конкурсите за идејно решение и избрани се автори, освен за споменикот на бранителите, за кој е повторен конкурсот за идејно решение.

*(Е.А.)*